РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-995/4
31.07. 2020 год.
КОНЧЕ

ЕЛС - ОПШТИНА КОНЧЕ

# ЈАВЕН ПОВИК
## до граѓаните од населените места во општина Конче
## за пријавување за интерес за учество програмата во Општинско-корисна работа
## Општина Конче-2020 година

Општина Конче објавува јавен повик за пријавување за интерес за учество во програмата во Општинско-корисна работа -2020 година до граѓаните од населените места во општина Конче.

Активностите кои се опфаќаат со програмата,,Општинско-корисна работа,, вклучуваат, **обезбедување или надополнување на УСЛУГИ**

- **ЗДРАВСТВЕНИ услуги** за стари лица, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со пречки со телесен, ментален и/или комбиниран инвалидитет, материјално необезбедени деца и лица, за деца и други корисници
- **УСЛУГИ ЗА ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА**, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со пречки со телесен, ментален и/или комбиниран инвалидитет, материјално необезбедени, деца и други корисници **преку обезбедување услуги за дневно згрижување во дневен центар, давање помош во домашни услови**, **помош во натура преку донации и друг вид на грижа**
- **ВОСПИТНО- ОБРАЗОВАНА ДЕЈНОСТ** за деца на претшколска возраст, деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно-воспитниот процес и/ или образовни асистенти, деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани на кои им е потребно базично описменување, едуцирање и слично.

**Надополнување на човечките ресурси во одделни институции/ организации**

- **ПРИ ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВ СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ**- дневен центар за лица со одреден вид на инвалидитет, стари лица и други корисници, загрижувачки центар, дом за сметување и слично
- **ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПФАТОТ НА УСЛУГИ ОБЕЗБЕДЕНИ** за стари лица, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со пречки со телесен, ментален и/или комбиниран инвалидитет, материјално необезбедени, деца и други корисници

Се повикуваат сите граѓани на општина Конче кои имаат потреба од користење на ваков вид на социјални услуги (бесплатни) за членови од своето семејство-родители или за блиски роднини, да се пријават во просториите општина Конче или преку контакт телефоните за програмата Општинско-корисна работа, најдоцна до 08 август 2020 година.

Програмата ќе се реализира со стручни обучени лица во сите села на општина Конче во рок од 6 до 9 месеци.

Право на корисници во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите граѓани општина Конче кои се од социјално ранливи категории граѓани или се во социјален ризик.

**Контакт лица за информации за Програмата „Општинско-корисна работа**"во општина Општина Конче тел: **630 325 Координатор на програмата 077 990 101**
**Претставници од о.Конче 071 631 140, 075 227 904, 072 237 080**

**Градоначалник на**
**општина Конче**
**БЛАГОЈ ИЛИЕВ**